РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-532/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), продолжение на 6-та седница, одржана на ден 12.06.2024 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-3279/1 од 06.07.2023 година, оформен по поднесена анонимна електронска пријава против лицето ___________, градоначалник на општина ________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира повреда на член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по спроведена постапка за порамнување, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 09-3279/1 од 06.07.2023 година, е оформен по поднесена електронска пријава од непознат подносител со наводи за непотизам дека гардоначалникот на општина ________ на отворен јавен оглас во општина ______заведен под број 02/2023 година ја унапредил својата сопруга од работно место соработник во работно место советник, каде што истиот го има прекршено членот 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК достави Барање за достава на податоци и информации до општина ________заведено под број 09-3279/2 од 20.09.2023 година каде што се побарани податоци и информации во врска со тоа дали лицето___________– сопруга на горе именуваното лице е вработена во општина __________, доколку е вработена да се достави целокупната постапка за нејзино вработување, дел од актот за систематизација и актот за внатрешна организација кој се однесува на нејзиното работно место кои се во сила со сите измени донесени до приемот на овој допис, целосната постапка за унапредување на истото лице со која е донесена Одлука за избор на кандидат по Интерен оглас бр.02/2023 и изјава заверена на нотар во врска со член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

каква роднинска врска е градоначалникот на општина ______________ со лицето ______________.

Од страна на општина ____________ доставен е одговор на барењето на ден 19.10.2023 година заведен под број 09-3279/3 со што од доставената документција, ДКСК констатираше дека од страна на наведеното лице е сторен прекршок на член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси .

Имено, лицето ___________, градоначалник на општина _________ не побарало да биде изземено и да запре со своето постапување и одлучување во ситуација кога постои судир на интереси, односно потпишал акти за унапредување на административниот службеник - ___________, вработена во општина __________негово блиско лице согласно член 8 став (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси. Истовремено, поради прекршување на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, ДКСК состави Записник за констатиран прекршок со бр. 09-532/1 од 05.02.2024 година и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-532/2 од 05.02.2024 година, доставени до именуваниот. Истиот, во законски определениот рок до ДКСК достави доказ уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитриевска**

По заклуок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: Б.Џ- член на ДКСК